- Numri i shasisë: VF7ZBRMNB17830284
- Viti i prodhimit: 2006
- Fuqia e motorit: KW 74
- Masa e automjetit: 2300 kg
- Çmimi i vlerësuar për 1 kg (në denarë): 12,00 denarë dhe
- Vlera e vlerësuar e automjetit (në denarë): 24.840,00 denarë

2. Lloji i automjetit për pasagjerë
- Shenja e regjistrimit: TE – 269 - DO
- Marka: MERCEDES BENZ SPRINTER
- Numri i shasisë: WDB9030121P724744
- Viti i prodhimit: 1997
- Fuqia e motorit: KW 105
- Masa e mjetit: 3300 kg
- Çmimi i vlerësuar për 1 kg (në denarë): 12,00 denarë dhe
- Vlera e vlerësuar e automjetit (në denarë): 35.640,00 denarë

3. Lloji i automjetit për pasagjerë
- Shenja e regjistrimit: TE – 036 -CJ
- Marka: VOLKSWAGEN
- Numri i shasisë: WV2ZZZ7071HO5442
- Viti i prodhimit: 2000
- Fuqia e motorit: KW 65
- Masa e mjetit: 1834 kg
- Çmimi i vlerësuar për 1 kg (në denarë): 12,00 denarë dhe
- Vlera e vlerësuar e automjetit (në denarë): 19.800,00 denarë

Neni 2

Shitja e sendeve të tundshme, sipas nenit 1 të këtij vendimi do të kryhet individualisht përmes ankandit publik elektronik, përmes sistemit elektronik të ankandit publik që e menaxhon dhe operon Ministria e Financave - Drejtoria e Çështjeve Pronësore Juridike, me vlerë të vlerësuar të përcaktuar sipas vlerësimit nga Ministria e Drejtësisë – Byroja e Vlerësimit, numër CB V 106/23, datë 3.10.2023, të përcaktuar në nenin 1 të këtij vendimi, i cili është çmimi fillestar për ankandin publik elektronik.

Ankandi publik do të kryhet në mënyrë elektronike në faqen e internetit:

www.e-aukcii.finance.gov.mk

Neni 3

Ky vendim hyn në fuqi ditën e nesërme nga dita e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Nr. 41-842/8
30 janar 2024
Shkup

Kryetar i Qeverisë së
Republikës së Maqedonisë së Veriut,
Mr. **Talat Xhaferi,** d.v.

**706.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00,12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2024 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа програма се уредува намената на средствата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните препријатија (во натамошниот текст: МСП) обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, Раздел 10001, Програма 4, Потпрограма 40 – Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: АППРСМ) Ставка 425 - договорни услуги и Ставка 464 - разни трансфери во вкупен износ од 32.000.000,00 (триесет и два милиони) денари.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма ќе се користат за следните намени:

1.Поддршка за самовработување (претприемништво)

Изработка на оддржливи бизнис планови со советодавна поддршка од советници регистрирани во S на советници при АППРСМ, со цел поддршка за невработените да започнат сопствен бизнис. Поддршката се реализира согласно Оперативниот план 2024 година на Министерството за труд и социјална политика, а преку Ваучерскиот систем на советување на АППРСМ. Реализацијата на оваа активност ќе се одвива преку организациите за деловна поддршка. Програмската активност ќе се реализира од ставките 425 и 464 од членот 1 од оваа програма.

Постапката за доделување на средствата од оваа точка ќе се изврши согласно Прирачникот за процедури на Ваучерскиот систем на советување и преку објавување на јавни повици за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото, објавени на веб страницата на АППРСМ – www.apprm.gov.mk и/или во печатените медиуми.

24.000.000,00 денари

2. Ваучерски систем на советување

Имплементација на ваучерски систем за советување за советодавни услуги кај 38 клиенти со цел давање поддршка на зајакнувањето на конкурентноста на постоечките мали и средни претпријатија и основање на нови претпријатија, ширење на ваучерскиот систем за советување како инструмент за подобрување на работењето на секторот на МСП и одржување на веб страната за консултанти.

Реализацијата на оваа активност ќе се одвива преку организациите за деловна поддршка.

Постапката за доделување на средства од оваа точка ќе се изврши согласно Прирачникот за процедури на Ваучерскиот систем на советување и преку објавување на јавни повици за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото, објавени на веб

страната на АППРСМ – www.apprm.gov.mk и/или во печатените медиуми, како и повик до потенцијалните претприемачи и активните мали и средни претпријатија за аплицирање на оваа програмска активност.

При поддршката на потенцијалните претприемачи и активните мали и средни претпријатија, особено внимание ќе се обрне на зголемено учество на жените во оваа програмска активност, при што најмалку 170.000,00 денари од предвидените ќе се наменат за поддршка на жени претприемачи.

1.700.000,00 денари

3. Стандардизирани менторски услуги

Во рамките на регионалниот проект — "Зајакнување и проширување на менторските услуги за мали и средни претпријатија во земјите од Западен Балкан", поддржан од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA), во текот на 2024 година ќе бидат обучени нови ментори, со вклучување и на нови организации за деловна поддршка. Во 2024 година менторската програма ќе се прошири со нови специјализирани содржини во полето на продуктивноста на МСП, интернационализација и регионална деловна соработка. Новообучените ментори, заедно со веќе постоечките, ќе извршат менторирање на активни МСП, во согласност со Методологијата за стандардизирани менторски услуги наменети за МСП изработена по јапонски стандарди. Програмската активност ќе се реализира од ставката 464 од членот 1 од оваа програма.

Постапката за доделување на средства од оваа точка ќе се изврши преку објавување на јавни повици за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото, објавени на веб страната на АППРСМ – www.apprm.gov.mk и и/или во печатените медиуми, како и повик за учество и промоција на активностите насочени кон зголемување на учеството на ново - основаните и постоечките мали и средни претпријатија за аплицирање на оваа програмска активност.

При поддршката на активите мали и средни претпријатија, особено внимание ќе се обрне на зголемено учество на жените во оваа програмска активност, при што најмалку 350.000,00 денари од предвидените ќе се наменат за поддршка на жени претприемачи.

3.500.000,00 денари

4. Инфо пулт - проект во соработка со регионалните центри

Поддршка на деловните центри во активностите поврзани со понатамошно функционирање на мрежа на центри и имплементација на програми за помош, информирање и советување на мали и средни претпријатија, со цел давање на информативна, промотивна, советодавна и логистичка поддршка на 450 МСП и потенцијалните претприемачи кои сакаат да се самовработат, како и дистрибуција на релевантни и корисни информации за МСП и потенцијалните претприемачи.

Постапката за доделување на средства од оваа точка ќе се изврши преку објавување на јавен повик за избор на организации за деловна поддршка на претприемништвото објавен на веб страната на АППРСМ – www.apprm.gov.mk и/или во печатените медиуми.

450.000,00 денари

5. Претприемачко образование – биди претприемач

Реализирање на пет работилници за промоција на претприемништвото и подигање на свеста за претприемништвото кај младите луѓе (со вкупен опфат на 75 учесници – ученици, студенти и невработени лица), како и развој на претприемачкиот дух и култура потребни за отворање на сопствен бизнис, со посебен осврт на дигиталните вештини.

300.000,00 денари

6. Организирање на обуки за подготовка на бизнис план

Организирање на осум обуки (со вкупен опфат од 160 учесници – ученици и студенти) на различни теми за подготовка на бизнис план, наменети за студенти и ученици од средните училишта. При организирањето на обуките ќе се води сметка за регионалната застапеност.

300.000,00 денари

7. Организирање на обука за наставници / професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис

Организирање на четири еднодневни обуки за најмалку 60 професори од средните училишта и од факултетите кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис, со цел зголемување на нивните капацитети за најновите претприемачки трендови за дигитално и зелено претприемништво, проширување на нивните знаења и здобивање со нови вештини поврзани со претприемачкото учење.

300.000,00 денари

8. Организирање на работилници за подигање на свеста за дигитализација кај МСП

Организирање на шест работилници за МСП (со вкупен опфат од 90 учесници) за потребата од дигитализација во туризмот и со него поврзани дејности со цел зголемување на продуктивноста и конкурентноста за настап на странски пазари.

Посебен осврт на работилниците ќе се даде на градење на заеднички ставови и настап во однос на политиките кои влијаат на економската клима и условите за нивно работење во земјата.

450.000,00 денари

9. Организирање на обуки за локални консултанти

Организирање на три обуки (со вкупен опфат од 45 учесници – локални консултанти) за здобивање на дополнителни знаења и вештини со кои ќе им се помогне на претпријатијата во зајакнувањето на нивната конкурентност на домашниот и странскиот пазар, согласно досегашните анализи за потребите од обуки кај малите и средните претпријатија од регионот и Република Северна Македонија.

250.000,00 денари

10. Поддршка за женско претприемништво

Организирање на две обуки за жени претприемачи (со вкупен опфат на 40 учесници – жени претприемачи) за веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи и жени потенцијални претприемачи. Целта на овие обуки е да се обезбеди широка информираност на жените претприемачи за инструментите за финансиска поддршка на женско претприемништво.

150.000,00 денари

11. Кофинансирање на национален натпревар на средношколци на Џуниор Ачивмент Македонија

Кофинансирање на национален натпревар на средношколци од Република Северна Македонија, кој ќе се одржи во април 2024 година, во организација на Џуниор Ачивмент Македонија, во рамките на „Програмата за претприемничко образование-ученичка компанија" и церемонија за прогласување на победници, со учество и поддршка на претставници од бизнис секторот, невладини организации, донатори и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.

220.000,00 денари

12. Подготовка на годишен извештај - Опсерваторија за МСП

Подготовка на годишен извештај за состојбата кај МСП и трендовите на овој сектор во 2023 година. Извештајот опфаќа споредба на бројот на МСП, нивното учество во бруто домашниот производ, во извозот, итн.

380.000,00 денари

Член 3

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија до 31.3.2025 година, да достави извештај до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кои ќе бидат опфатени постигнатите резултати, како и образложението за евентуални отстапувања од планираните активности.

Член 4

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.

Бр. 41-616/6
30 јануари 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
м-р **Талат Џафери/Talat Xhaferi**, с.р.

---

Në bazë të nenit 36 paragrafi (5) të Ligjit për Qeverinë e Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 59/00,12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 98 /19), Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 30 janar 2024, solli

## PROGRAM PËR MBËSHTETJEN E SIPËRMARRËSISË, KONKURRENCËS DHE INOVACIONIT TË NDËRMARRJEVE TË VOGLA DHE TË MESME NË VITIN 2024

Neni 1

Me këtë program rregullohet qëllimi i mjeteve për mbështetjen e sipërmarrësisë, konkurrencës dhe inovacionit të ndërmarrjeve të vogla dhe të mesme (në tekstin e mëtejmë: NVM) të siguruara nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024, Përpjestimi 10001, Programi 4, Nënprogrami 40 - Agjencia për Mbështetje të Sipërmarrësisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut (në tekstin e mëtejmë: AMSRMV) norma 425 - shërbime kontraktuale dhe norma 464 - transfere të ndryshme në vlerë të përgjithshme prej 32.000.000,00 (tridhjetë e dy milionë) denarë.

Neni 2

Mjetet nga neni 1 i këtij programi do të shfrytëzohen për qëllimet e mëposhtme:

1. Mbështetje për vetëpunësim (sipërmarrësi)

Përpunimi i planeve të qëndrueshme të biznesit me mbështetje këshillëdhënëse nga këshilltarët e regjistruar në katalogun e këshilltarëve në AMSRMV, me qëllim të mbështetjes së personave të papunë për të filluar biznes personal. Mbështetja realizohet në përputhje me Planin Operativ 2024 të Ministrisë së Punës dhe Politikës Sociale, dhe nëpërmjet Sistemit të Vauçerit për këshillim të AMSRMV-së. Realizimi i këtij aktiviteti do të zhvillohet nëpërmjet organizatave për mbështetje afariste. Aktiviteti programor do të realizohet nga normat 425 dhe 464 të nenit 1 të këtij programi.

Procedura për shpërndarjen e mjeteve nga kjo pikë do të kryhet në përputhje me Doracakun e Procedurave të Sistemit të Vauçerit për këshillim dhe nëpërmjet publikimit të thirrjeve publike për përzgjedhjen e organizatave për mbështetjen afariste të sipërmarrësisë, të publikuara në faqen e internetit e AMSRMV - www.apprm.gov.mk dhe/ose në mediat e shtypura.

24.000.000,00 denarë

2. Sistemi i vauçerit për këshillim

Zbatimi i sistemit të vauçerit për këshillim për shërbime këshillëdhënëse për 38 klientë me qëllim dhënie të mbështetjes së përforcimit të konkurrencës së ndërmarrjeve të vogla dhe të mesme ekzistuese dhe themelimin e ndërmarrjeve të reja, përhapjen e sistemit të vauçerit për këshillim si instrument për përmirësimin e punës së sektorit të NVM-së dhe mbajtjen e veb faqes për konsulentë.

Realizimi i këtij aktiviteti do të zhvillohet nëpërmjet organizatave për mbështetje afariste.

Procedura për ndarjen e mjeteve nga kjo pikë do të kryhet në përputhje me Doracakun e Procedurave të Sistemit të Vauçerit për Këshillim dhe nëpërmjet publikimit të thirrjeve publike për zgjedhjen e organizatave për mbështetje afariste të sipërmarrësisë, të publikuara në ueb faqen e AMSRMV - www. apprm.gov.mk dhe/ose në